

## Јанко Илковски

... времето на бессоницата доаѓа. Бдение! Навираат солзи, нема плачење, нема воздишки, само солзи кои течат и мисли кои немаат форма и јасен облик, мисли кои скокаат од една на друга матна слика водени од патоказот на носталгијата, минати лица, познати, непознати, времиња, мириси...

# НЕСОНИЦА

Глуво доба, миг кога сè замира, оние часови кога и велеградите знаат да занемат, кога природата својот шум го полага на тишината во потполност, времето пред петлите да запеат, кучињата да залаат, време во кое само отчукувањето на срцето може да се слушне.

И кога сетилата не примаат дразба, кога до очите не доаѓа никаков зрак, сенка, облик, кога до ушите нема ни трепет од некаков шум, кога нема ни ветер кој ќе ја погали површината на кожата и така предизвика најмала можна дразба, кога чекорите на улицата се како да газиш во најдлабок снег, кога телото забавува и природата како на хоризонтот на збиднувањата ги прави просторот и времето лепливи на допир, троми, оставајќи трага како полжав зад себе... времето на бессоницата доаѓа. Бдение! Навираат солзи, нема плачење, нема воздишки, само солзи кои течат и мисли кои немаат форма и јасен облик, мисли кои скокаат од една на друга матна слика водени од патоказот на носталгијата, минати лица, познати, непознати, времиња, мириси... несоница!

Само чукање на срцето, кое одекнува во главата во громогласната тишина!

До креветот една мала книга... За плачот. Одамна си играм мачка и глушец со неа, намерно заборавајќи ја во обид да го прелажам и Небото дека сум ја заборавил нејзината содржина, дека не можам да ја најдам за да ја прочитам уште еднаш и магливите сеќавања за неа да станат јасни за да ги внесам како себеспознание, да станат дел од мене во надеж дека тука е лекот за раните од непотребните солзи, од плачот без значење, непотребните емоции кои самозадоволно се оправдуваат со некакво олеснување на душата и телото... но и со страшната вистина дека како такви не стигаат до Бога. Некоја света душа во испосништвото на сопствениот подвиг ја исцедил секоја ронка од својата сила за спознанието на плачот-една од најсуштествените особини која нè прави човек, и на нејзините демонски мимикрии за непотребните и бесполезни разновидни заводливи оправдувања да се излее уште една солза и кога треба и кога не треба. Голтањето само предизвикува налудничави состојби на напливи од недоветни мисли и реагирања на истите додека закрвавените очи гледаат реклама за прашок за перење. Погледот е вперен во таваницата, на која си играат облици светлина и бои предизвикани од навалицата на солзи, кои го исполнуваат видокругот сè додека сликата не стане како заматено стакло.

Ми се враќа сеќавањето на еден неверник а самонаречен боготражител кој еднаш ми рече: „Бога Го барам насекаде, најмногу кога нуркам во вода, одам длабоко, сè подлабоко, сè додека не Го видам..."

Низ насмевка му реков: „Не претерувај со нуркањето, оти стварно ќе Го видиш!"

Смеата одекнува во главата и станува како филм кој забавува сè додека не застане и од звукот остане само ехо кое напливот на радост го заменува со страшната тишина и неприродната сенка на ѕидот, за таа да се претвори во друга слика, чин на очајниот пријател, кој насамо ме моли...

- Дали си Го видел? Дали и ти нуркаш по Него како и јас?
- Да, нуркам, во сопствените солзи, но не Го наоѓам.
- Па како тогаш веруваш?
- Не знам... но верувам...

Ми се враќа едно бледо сеќавање на една мала книга на мисли од еден светогорец кој имал еден чуден монах во своето братство, со лик намрштен и неверен. Очекувано, еден ден го прашал старецот: „Зошто сме тука? Што правиме? Каква е смислата на сево ова?"

Старецот му одговорил дека сме тука да Му служиме и да Му се молиме на Бога во сета своја полнота на љубовта кон Него и свесноста дека и Тој исто така нè сака.

Замислено монахот одговорил дека нема искрено чувство на љубов и спознание на Бога, но се заколнува дека од денес до крајот на својот живот ќе се однесува како да е навистина така како да Го видел Бога во целата своја полнота, ете така ќе го помине животот. Бог се смилостивил кога наполнил монахот седумдесет години, му ја дал благодатта на љубовта.

Не сум ни сигурен дали приказната беше баш така, но искреноста во неа беше посилна од сè што како идеја ми било предадено, како знање, како искрена немоќ и признание. Како да им објаснам за мојата вера која не се заснова на видение или спознание туку на след на случки и настани, како младичот од некои едвај дваесетина години кој го враќав од Марков манастир. Има оттогаш десет години. Врнеше снег, едвај возев по патот, а тој молчалив. Јас со мојата природа да се ломоти, со демонот обесен на мојот јазик растреперен како саламандер кога бара улов, почнувам да го потпрашувам: што е, кој е, што прави, од каде е... Ми одговара сувопарно, а јас продолжувам да го злоупотребувам и наместо да слушам музика од радио си играм умствени игри понесен од амбиентот од манастирот во кој бев скоро цел ден и горделивоста од измолените благослови кои небаре ме оплакнаа од секој грев...

- Татко ми ме тепа секоја вечер, ме соблекува гол пред сите, да види дали кога идам во црква ме дрогираат и ми ставаат појаси...

- Аман бре, голем си, што не му се спротивставиш? - дури тогаш забележав модринки на зглобовите на рацете, за кои бил грабан и врзуван за креветот за да не може да оди повторно во црква.

- Воено лице е, не знае, затоа му простувам, сепак... татко ми е...

Замолкна и наведна глава, а јас ја гризев устата и јазикот до крв, во покајание за мојата слабост да му угодам на моето его и да изигрувам некаков модерен верник. Никогаш не го видов, можеби станал монах, можеби се изборил за благослов од татко му, но остана во мојата молитва како слика на страдание, ветувајќи дека ќе си спомнувам за него додека сум жив.

Духовниот мој татко никогаш не ме праша дали ја прочитав книгата за солзите и плачот, добро знаејќи колку жесток отпор ќе дадам во барањето на секакво оправдување за секојдневното плачење, за пуштањето солзи за изгубените места, емоции, за младоста, за спокојот, за драгите кои више ги нема... сакам да му проговорам дека дури и Спасителот наш заплакал кога разбрал дека Лазар починал... но со кого пак јас тоа се споредувам, од што барам оправдување? Дали сум јас нормален?

Препознатлив звук, не сум сигурен дали е тоа од радиото, кое е исклучено, или приемникот во мојата глава повторно се поигрува со моите сетила, умот ужива да ми го прави ова... Ноти на една песна, толку стара... децении, од детството... и со неа навираат слики од безгрижноста... и повторно потоци од солзи...

- Заради што плачеш?

- Од носталгија, од тага... од страв...

А светите Отци велат дека само солзите на покајанието се единствениот дожд кој ја наводнува душата, кој ги мокри крилјата на ангелот-пазител, единствениот водопад чии капки ќе капнат на раката на Бога, Кој тогаш ќе погледне со сочувство кон нас, Кој таа река ќе ја претвори во златен поток... А ми рече убаво духовникот: секој ден - еден мал подвиг...

Денови доволно да го совладаш и Монт Еверест... а јас сè уште во долината на сенките.

И еве ме десетина години подоцна, во ќорсокак, свесен за своите гревови, кои сега се опипливи како ѕидот на плачот, Јерусалемски ѕидини издигнати да не можеш да ги прерипаш за да играш во единственото место во универзумот кое е полнота на нашата природа, домот на конечниот спокој во прегратките на Бога. Па сепак, каменот не се крши, но солзите му го подриваат темелот, кој во подвигот на упорноста еден ден ќе ги сруши ѕидините кои сами ги изградивме од најтврдиот гранит - нашиот грев!

И конечно ќе влеземе во спокојот на нашата градина, каде тишината ќе биде музика од ангелски гласови; но дотогаш наместо да се спасам... ееej, говорам како да искрено ќе се спасам!!! Со што? Со кои солзи?

И понатаму кататоничен лежам и чекам да заспијам на мократа перница... веќе не плачам, се потам, сега телото плаче, горејќи во свесноста за гревот се прпелка како црв закачен на јадица... со прашања во главата како да не сум крстен...

Отидов на гробот на татко ми... умираше 40 дена... зошто толку? Зошто толку мака? Зошто толкаво страдање? Погоре е гробот на другарчето од детство Игор... натаму е дедо ми, баба ми... чичко Ацо... Реки од луѓе се слеваат да го испратат малиот ангел Андреј... верував дека неговата книга е исполнета, дека молитвите и општото мислосрдие на илјадници ќе измолат милост, но ангелот својата природа може да ја исполни само ако е на небото, ова се тесни простори за една таква света душа... но сликата за него и неговото страдање е посилна од радоста за новиот член на небесата... и нема утеха, а плачот не е ништо повеќе од стравот да не се изгуби милоста на Бога, стравот од сопствената смрт. Колку сме немоќни и слаби без Божја милост, а Андреј милоста ни ја покажа во сета своја величественост и еден ден сите ќе ја разбереме со сето свое битие... надеж оти мене и онака ништо не ми е јасно... прашања... и страв. Борбата е -борба со себе, со сопствените слабости на плачот непотребен, кој ако продолжи ќе стане мувла на душата, оти солзи на страв и немоќ се устоена вода, која создава гнилост која полека го трулее месото и душата, а само живата вода од солзите на покајанието ја имаат силата да излечат, оздрават, да спасат, да смилостиват, да измолат благодат...

Полека заспивам во својот грев со свест дека и оваа Литургија ќе ја преспијам.

Заспивам со првите сончеви зраци, сè дури самракот да ме крене од мојата постела.